# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 20 Јануари 2023 година<br>Скопје<br>Бр.1 Год. XVIII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колона дотации и во колона донации ....................стр.2
2. Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година ....................стр.5


Јануари 2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**
**во колона дотации и во колона донации**

Се објавува Одлуката за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колона дотации и во колона донации, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.01.2023 година.

**Број 09-187/1**
**од 20.01.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 34 од Законот за буџети („Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „ Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 151/21) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните Одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 25-та седница одржана на 20.01.2023 година донесе:

## О Д Л У К А
## за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колона дотации и во колона донации

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена со проширување на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колона дотации и во колона донации, на следниот начин:

**Се зголемуваат приходите на следната потставка:**

| Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. АКТИВНОСТИ | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година | 0 | 0 | 3.857.486 | 715.800 | 0 |
| 742113 Приходи од Светска банка | 0 | 0 | 0 | 42.585 | 0 |
| 742114 Приходи од Европска унија | 0 | 0 | 0 | 980.456 | 0 |
| | **0** | **0** | **3.857.486** | **1.738.841** | **0** |

**И се распоредуваат на следната Потпрограма и потставка:**

| Потпрограма потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. АКТИВНОСТИ | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ФД0-Капитални расходи за уредување на просотор во рурални подрачја** | | | | | |
| 482920 -Изградба на други објекти | 0 | 0 | 0 | 652.495 | 0 |
| **ЛОО-Спорт и рекреација** | | | | | |
| 463120 -Трансфери до спортски клубови | 0 | 0 | 0 | 91.405 | 0 |
| **Н10 - Основно образование** | | | | | |
| 420120 -Патување во земјата | 0 | 0 | 0 | 75.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 420220 -Патување во странство | 0 | 0 | 0 | 261.656 | 0 |
| 420240 -Споредни расходи во странство | 0 | 0 | 0 | 312.000 | 0 |
| 421240 - Течни горива | 0 | 0 | 3.857.486 | 0 | 0 |
| 423110 -Канцелариски материјали | 0 | 0 | 0 | 12.000 | 0 |
| 423210 -Материјали за АОП | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 423410 -Прех.продукти и пијалоци | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 423910 -Др.материјали за спец.намена | 0 | 0 | 0 | 28.000 | 0 |
| 423990 -Други материјали | 0 | 0 | 0 | 79.600 | 0 |
| 425970-Консултантски услуги | 0 | 0 | 0 | 14.485 | 0 |
| 425910 -Преведувачи | 0 | 0 | 0 | 9.200 | 0 |
| 425920-Услуги за копирање и печатење | 0 | 0 | 0 | 23.000 | 0 |
| 425990 -Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 70.000 | 0 |
| 426990 -Други оперативни расходи | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **3.857.486** | **1.738.841** | **0** |

**Член 2**

Одлуката за измена со проширување на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-134/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 20.01.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023**

Се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.01.2023 година.

**Број 09-187/2**
**од 20.01.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република С.Македонија бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 25-та седница одржана на ден 20.01.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023

### Член 1

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, во Програма Н1 и Потпрограма Н10 - Основно образование, се врши финансирање на сите 6 (шест) основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров.

### Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови усогласени со висината на средствата од блок дотација.

### Член 4

Критериуми за распределба на блок дотацијата за 2023 година по основни училишта се:

- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2023 година од Министерството за образование и наука,
- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште, запишани за учебната 2022/2023 година и
- големина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД= (м2х0,3)+(бр.уч.х4):(вк.м2х0,3)+(вк.бр.уч.х4) , каде:

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2023 година = ( 201.418.000,00 – 191.299.356,00 = 10.118.644,00 + 3.857.486,00 = 13.976.130,00 **ден**ари), од кои:

- 201.418.000,00 денари е износот на вкупната блок дотација за 2023 г., наменета за Општина Ѓорче Петров за Основно образование, утврдена со Републичкиот Буџет за 2023 година;

- 191.299.356,00 денари е вкупниот износ за бруто плати за сите О.О.У.

- 13.976.130,00 денари е износот кој претставува вкупниот наменски дел од блок дотацијата што останува за распределување за потребите за материјални трошоци;

- Во наменскиот дел за покривање на потребите на основните училишта за материјални трошоци во износ од 10.118.644,00 денари, се додава износот од 3.857.486,00 денари кој претставува салдо, односно, вкупно пренесен вишок од минати години од блок дотацијата наменета за основни училишта. Збирот од наменскиот дел и салдото од минати години изнесува 13.976.130,00 денари и претставува вкупниот износ за распределба на наменскиот дел од блок дотацијата за основни училишта за 2023 година, наменет за покривање на материјалните трошоци.

- **К м2 –** коефициент за површина =0,3 и
- **К уч.** - коефициент за број на ученици = 4

Поради усогласување со реалните потреби може да се направи корекција во износот и процентот на блок дотацијата по основни училишта, односно зголемување/намалување на блок дотацијата на едно основно училиште за сметка на другите основни училишта.

Следи Табела 1 за распределбата на блок дотацијата по основни училишта, со податоци изразени во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

## Табела1

РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)

Наменскиот дел за 2023 година изнесува 13.976.130,00денари
Коефициент за површина = 0,3

Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр. | Име на основно училиште | Вк. површина | Вк. ученици | Вк. коефициент | Процент (без корекција) | Процент (со корекција) | Распределба на средства според утврдени намени усогласени со реални потреби изразени во апсолутен износ Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Мирче Ацев | 4.400 | 721 | 4.206 | 21,19% | 20,19% | 2.916.000,00 |
| 2. | Ѓорче Петров | 3.820 | 324 | 2.443 | 12,32% | 11,32% | 1.969.555,00 |
| 3. | Димитар П.Г.Беровски | 4.762 | 962 | 5.279 | 26,60% | 25,60% | 3.210.486,00 |
| 4. | Страшо Пинџур | 2.964 | 600 | 3.292 | 16,60% | 15,60% | 2.268.000,00 |
| 5. | Тихомир Милошевски | 1.335 | 447 | 2.193 | 11,06% | 10,06% | 1.114.914,00 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.464 | 496 | 2.428 | 12,23% | 17,23% | 2.497.175,00 |
| | **Вкупно:** | **18.745** | **3.550** | **19.841** | **100 %** | **100 %** | **13.976.130,00** |

Во табелата 1, во колона 5, на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1 апоен на петте основни училишта, за сметка на ООУ Јоаким Крчовски на кое му се додаваат 5%, бидејќи само тоа училиште има организиран превоз на ученици, за што на годишно ниво му се потребни околу **1.900.000,00 денари.**

Во табелата 1, во колоната 6, се врши распределба на наменскиот дел од средствата од блок дотацијата по основни училишта, според утврдени намени усогласени со реални потреби, изразени во апсолутен износ.

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта преку Секторот за финансиски прашања, за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно, како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Распоредувањето на наменскиот дел од блок дотацијата по основни училишта за 2023 година, ќе се врши согласно распределбата на средствата според утврдени намени, прикажани во апсолутен износ во колона 6 од Табела 1 во членот 5 од оваа Одлука.

**Член 8**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година бр. 08-2388/26 од 28.12.2022 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 18/22).

**Член 9**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-134/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 20.01.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**